ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Согласно Програмата за социјална заштита за 2023 година донесена од Советот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр. 16/22 од 30.12.2022") и Правилникот за искористување на средства од Програмата за социјална заштита во делот на инфраструктура за лица со попреченост во домот на лицата донесен на 20.02.2023 со бр. 09-15/4, Општина Битола објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК

За искористување на средства за адаптација, изградба или поставување на инфраструктура и опрема за физичка пристапност, во понатамошниот текст инфраструктура и опрема за физичка пристапност. Овој повик опфаќа адаптација на веќе постоечки или изградба на нови пристапни рампи, или набавка и монтажа на фиксни или преносни пристапни рампи (опрема), платформи и лифтови, направи за искачување на скали со инвалидски колички, во домот на лицата со попреченост, со цел надминување на висински растојанија или други физички препреки или бариери до и во домот, адаптација на делови од домот во физичкиот простор (прилагодување на тоалет, промена на врати со соодветна ширина за инвалидска количка, правење на пристапни патеки и тн.), како и набавка на опрема која е наменета за користење од страна на лица со попреченост која ќе ја олесни мобилноста и функционалноста на лицата со попреченост до и во нивниот дом.

Искористувањето на средствата е согласно Правилник за искористување на средства од програма за социјална заштита на Општина Битола во делот на инфраструктура за лица со попреченост во домот на лицата кој што заинтересираните лица можат да го најдат на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk.

Потребната документација и условите за пријавување може да се виде во самиот правилник или да се подигне од Општина Битола Бул. „1-ви Мај" бр.61 на шалтер број 1.

Лице за контакт: м-р Симона Јовеска, моб: 071385682, e-mail: simonajoveska132@gmail.com.

Периодот на пријавување е отворен во текот на цела година до целосно искористување на средствата.

бр. 41-6/3
24.02.2023
Битола

ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Коњановски